29270

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ЕКРАН
Скопје
10 SEP. 1982, 617, 4.

*ИЗЛОЖБИ*

# ГРУПАТА ЈУНИ ВО СКОПЈЕ


ЕДЕН ОД ОСНОВАЧИТЕ ЕНВЕР КАЉАНАЦ

Следниве триесетина дена скопската ликовна јавност ќе има можност, преку изложбата отворена во Музејот на современата уметност, да се запознае со една исклучителна интернационална група, која работи во Љубљана. Имено, некаде до средината на октомври во Музејот ќе бидат изложени ликовни остварувања од членовите на „Група Јуни", творечка групација што ја чинат уметници од целиот свет. Збор-два за физиономијата и за значењето на оваа изложба на групата, извлечени од предговорот на Франц Шетинц за пригодниот каталог „Јуни 82": „Изложбата ЈУНИ 82 е најважен културен и ликовен настан, кој по своето значење ги надминува рамките на словенечкиот и југословенскиот простор. Со својот оригинален концепт и современите, визионерски теми, таа во себе носи порака за публиката од целиот свет... Учесниците на изложбата не се само трагачи по нови уметнички изрази, со поширoки размери, туку, исто така, даваат свое видување на контроверзите и дилемите на современиот човек и на неговиот свет... Ваква изложба мораше да дојде како резултат на екстремно драматичниот ентузијазам на членовите на „Групата ЈУНИ". Сето тоа започна со иницијативата на четворица уметници (Драушбахер, Гојковиќ, Јагодиќ и Каљанац), пред 12 години. Со својата отвореност кон светот, со готовноста за најшироки критични и сатирични соочувања со новите естетски вредности и со новите начини на изразување, таа иницијатива наскоро доби интернационални димензии. Благодарение на учеството на уметници со светска слава, оваа изложба овозможува да се добие впечаток за најсовремените движења во областа на уметничката креација".

На изложбата се застапени 103 уметници од целиот свет.